Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 април 2020 година донесе

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕНЕРГЕТИКА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

(„Службен весник на РСМ" бр. 111/20)

Член 1

Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија" бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За полагањето на испитот за стручна оспособеност за ракувачи на енергетски уреди и постројки за време на траење на вонредната состојба, ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Полагањето на испитот за стручна оспособеност за ракувачи на енергетски уреди и постројки се одложува за време на траењето на вонредната состојба.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 44-3506/1
28 април 2020 година
Скопје



ул. Варшавска бр. 3
asi.skopje@gmail.com
+389 72 229 355